**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број. 0918-108/5**
**29.02.2024**
**Струга**

| | |
|---|---|
| **СОУ Гимназија „АТА“– Центар Жупа** | |
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 08, 09 и 10 ноември 2023 година |
| **Број на извештај:** | Број 14/ Југозападен Регион / 2023 г. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Жана Димоска |
| **Вид на училиштето:** | средно |
| **Подрачни училишта** | нема |
| **Основач на училиштето:** | општина Центар Жупа |
| **Наставен јазик:** | македонски и турски |
| **Број на ученици:** | 78 |
| **Полова структура на ученици:** | 38 женски и 40 машки |
| **Број на наставници:** | 16 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Орхан Зекир |
| **Директор на училиштето:** | Сабри Асан |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 26, 27 и 28 март 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Центар Жупа |
| **Телефон:** | 046 840 315 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | Sou-ata-centarzhupacentarzupa@shool.mk |
| **Web страна** | / |
| **Оценка ИЕ** | Делумно заадоволува - 1,99 |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РСМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РСМ“ број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 8 до 10 ноември 2023 година, тим од три државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на СОУ Гимназија „АТА“ во Центар Жупа.

Државните просветни инспектори во текот на тридневната посета, извршија посета на наставни часови, остварија комуникација и соработка со раководниот тим на училиштето, со стручната служба, со претставници на Училишниот одбор, Советот на родители, Училишната заедница, поединечни средби со ученици, родители, наставен и ненаставен кадар.

Средното општинско училиште „АТА“, формирано со Одлука (број 07-508/4 од 22.09.2010 година) на Советот на општина Центар Жупа, до учебната 2009/2010 година работело во состав на ЦСУ „Здравко Чочковски“, општина Дебар. Училиштето е верифицирано со Решение (број11-3589/4 од 30.12.2010 година) донесено од страна на министерот за образование и наука – Скопје.

Училиштето се наоѓа во центарот на Центар Жупа, ги опфаќа учениците од турска и македонска националност од сите населени места во општина Центар Жупа и наставата во училиштето се изведува на македонски и турски наставен јазик во една смена. Оваа учебна година училиштето го посетуваат вкупно 78 ученици организирани во 8 паралелки од кои четири на турски и четири на македонски наставен јазик.

Во СОУ Гимназија „АТА“- Центар Жупа се применуваат наставни планови и програми за средно гимназиско образование, изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Покрај редовната настава во училиштето се планира и се реализира: дополнителна, додатна, изборна, консултативна настава, слободни ученички активности и воннаставни активности. Во рамките на слободните ученички активности се нудат програми од повеќе области кои ги одразуваат и задоволуваат потребите, интересите и желбите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Во училиштето има ученици и со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовните паралелки.

Наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели, како развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество.

Училиштето ги следи постигањата на учениците по наставни предмети за сите класификациони периоди и истите се анализирани и прикажани во полугодишните и годишните извештаи. Од показателите за постигањата на учениците по учебни години се забележува дека во последните неколку учебни години нема големи осцилации на средниот успех на учениците на ниво на училиште. Сите ученици без оглед на пол, социјална, етничка и друга припадност имаат еднакви можности за напредок.

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот и се преземаат активности за промоција на училиштето, поттикнување на интерес и привлекување на поголем број на ученици.

Во последните три години во училиштето е забележано зголемување на неоправданите изостаноци, што е резултат на немање Програма за советување на родители во училиштето и немање стручен соработник (психолог, педагог) за обавување на советувањето.

Училиштето го следи осипувањето на учениците и причините за истото - поради заминување во странство.

Училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и социологот во училиштето. Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и стручната служба. Наставниците навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски, тематско процесни планирања и оперативен план за наставен час. Поголемиот дел од наставниот кадар не ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Мал дел од наставниот кадар користи разновидни наставни форми и методи, поголем дел од наставниот кадар работи фронтално без употреба на интерактивни форми, методи техники на учење. Мал дел од наставниците работат со учениците индивидуално или во мали групи. Не сите наставници користат различни ресурси и приоди за учење и настава ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература. По најголем број наставни предмети во наставата која се изведува на турски наставен јазик сеуште нема одобрени учебници. Учењето во училницата кај мал дел е активно и има работна атмосфера, но има и случаи каде нема доволна активност од страна на учениците и недостига мотивација од страна на наставниците.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничка припадност.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и интеркултурна средина која поттикнува интерес за учење. Учениците сметаат дека по мал број предмети се учи на интересен начин. Трудовите на учениците не се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето каде можат да бидат видени од другите ученици.

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците, но не преземаат конкретни активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките.

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Оценувањето се врши континуирано, изготвен е интерен Правилник и Етички кодекс за оценување; наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Тоа е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Наставниците не доволно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната зграда. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди. Планот за евакуација е истакнат на видно место со обележени

излези. Во училиштето нема вработени со сертификати за завршена обука за давање прва помош на ученици при несреќни случаи. Во училиштето нема вработени кои поседуваат уверение за завршена обука за заштита од пожари, евакуација и спасување. Училишниот објект и училишната опрема се осигурани додека учениците и вработените не се осигурани.

Училиштето има Кодекс за безбедно училиште кој е истакнат на видно јавно место достапно на ученици, родители и наставници, а има и реализира Акционен план за безбедно училиште.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Но училиштето нема пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство.

Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот иако такви ученици во моментот не посетуваат настава во ова училиште. Просторот во ходниците и училниците овозможува нивно движење, но не постои и посебен тоалет што би бил достапен за нивна употреба.

Хигиената во училиштето е на високо ниво.

Се вршат редовни систематски прегледи на учениците и сите вработени во училиштето.

Училиштето нема договорени процедури за грижа на учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. За навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми училиштето има договорени процедури, без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми).

Училиштето на учениците им обезбедува јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. За професионална ориентација на учениците училиштето користи промотивни материјали (флаери, трибини, посети на училиштето) на образовните институции, претставници на образовните институции го посетуваат училиштето и оддржуваат презентации.

Наставниците и училиштето водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците. Наставниците и учениците се во постојана интеракција меѓу себе и постојано се дава поддршка во однос на учењето, наставата, оценувањето, воннаставните активности како и севкупната грижа за учениците.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и го зајакнува учеството на учениците, родителите, локалната и деловната заедница во училишниот живот.

Односите во училиштето нормативно се уредени со: куќен ред, кодекс на однесување на учениците, наставниците, другите вработени и родителите, со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и истите земале активно учество во нивното донесување. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.

Сите ученици без оглед на полот, способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени од сите во училиштето. Дисциплината во училиштето е добра.

Ученичкиот парламент е демократски формиран и учествува во донесувањето одлуки за сите прашања што се од непосреден интерес на учениците и навремено ги информира своите соученици за донесените одлуки.

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат на повеќе начини: на патронот празник на училиштето, на крајот од учебната година и преку фејсбук и веб страната на училиштето. Но, ученичките трудови не се истакнуваат во ходниците и училниците.

Не доволно се поттикнуваат наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Се промовираат еднаквоста и правичноста како темелни вредности во односите меѓу вработените, учениците и родителите.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С.Македонија, развивајќи го мултикултурализмот како вредност.

Соработката на училиштето со родителите се остварува со нивно активно вклучување во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа, преку Советот на родители, како и со општи и индивидуални родителски средби. Советот на родители е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Советот на родители има Деловник и Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Изборот на претставниците во Советот на родители е извршен со демократска процедура, се одржуваат редовни состаноци на Советот на родители каде се разгледуваат битни прашања од животот на училиштето и истите записнички се евидентираат. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето остварува континуирана соработка со локалната и деловната заедница, Црвен Крст, невладиниот сектор и медиумите преку нивно известување.

Наставата во СОУ Гимназија „АТА“- Центар Жупа се реализира во еден објект од цврста градба во близина на општинската зграда. Училиштето располага со 8 училници, 1 кабинети, 1 фискултурна сала, 1 библиотека и 4 други простории. Просториите во училиштето се загреваат со спoствено парно греење. Инфраструктурата на училиштето е добра.

Училиштето располага со минимални наставни помагала и стручна литература. Потребно е нивно обезбедување и осовременува со што би се создале услови за поквалитетен воспитно-образовен процес.

Во училиштето се користат одобрени учебници, набавени преку проектот на Владата на РСМ за бесплатни учебници. За оваа учебна година недостигаат учебници по сите предмети на турски наставен јазик.

Во училиштето за реализација на наставата ангажирани се 16 наставници од кои 3 наставници надополнуваат од други училишта. Со високо образование се 16 наставници. Од нив 4 се со несоодветно образование. Од вработените наставници 9 се на

неопределено работно време а 4 на определено работно време и 3 наставници се вработени со спогодба меѓу училиштата во кои работат и од кои дополнуваат часови.

Нема обучен кадар за работа со деца со посебни образовни потреби.

Работата на наставниот кадар е надополнета со стручна служба: 1 социолог, 1 библиотекар. Од административно-технички персонал има: директор, 1 секретар, 1 книговодител, 1 хаусмајстор и 3 хигиеничари.

Училиштето се грижи за професионален развој на кадарот. Има Програма за професионален развој на наставниците. Секој наставник има сопствен план за професионален развој. Уредно се водат професионални досиеја за наставниците.

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Јавните набавки за училиштето се спроведуваат согласно Законот за јавни набавки. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиската состојба и финансиските активности на училиштето и го следи трошењето на буџетот. Буџетот се користи за подобрување на условите и квалитетот на наставата и учењето. Училиштето нема сопствени приходи, има дополнителна сметка за извршени услуги (дупликати на свидетелства и дипломи и вонредно образование).

Училишниот одбор не е конституиран согласно одредбите од Законот за средно образование и Статутот на училиштето, бидејќи еден од членовите од редот на наставниците е избран спротивно на закон. Училишниот одбор има Деловник за работа и Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Раководниот орган е именуван со Решение од градоначалникот на општина Центар Жупа, број 08-77/2 од 27.11.2020 година. Во тек е постапка за избор на нов директор. Раководнот орган има професионален однос кон работата и ефективно комуницира и раководи со најголемиот број на вработени.

Целите на училиштето се јасно истакнати во Годишна програма. Училиштето има изработено Самоевалуација, во која целосно се опфатени темите од сите подрачја од индикаторите за квалитетот на работата на училиштата, со што е дадена оценка на целокупната работа во училиштето. Училиштето има изработено Програмата за развој на училиштето за период 2020-2024 година (број 02-64/2 од 27.08.2020 година) согласно новиот Правилник за изработка на годишна програма и План за развој.

Во креирањето и утврдувањето на целите, начелата и вредностите на училиштето вклучени се и активно учествуваат наставници, родители и ученици. Истите редовно се информираат за начинот на нивното остварување и подобрување. Целите се јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека СОУ Гимназија „АТА“ делумно задоволува[1].

[1]Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Самоевалуација: број 02-52/3 од 17.08..2023 година
Развојна програма: број 02-64/2 од 27.08.2020 година.
Годишна програма: број 02-52/4 од 17.08.2023 година, Одлука од Советот на општината за усвојување на Годишната програма од училиштето со број 14-309/9 од 23.08.2023 година
Годишен извештај: број 08-52/4 од 17.08.2023 година
Инклузивен тим на училиштето: број 02-52/1 од 17.11.2022 година.
Партнер училиште: МИО со број: 02-30/7 од 11.11.2023 година, активностите се остваруваат во самото училиште како и со Тим за меѓуетничка интеграција: е формиран на Наставнички совет со број 02-30/7 од 11.11.2022 година (активности има 3 и тоа со ООУ „Мустафа Кемал Ататурк “ и со ООУ „Неџати Зекерија“ - с.Коџаџик.)
Формиран е Училишен спортски клуб: „Стогово“, на 10.05.2019 година со деловоден број од централен регистар 30220190000218.
Училишните објекти се осигурани, а вработените и учениците не се осигурани.
Ученичката заедница /ученичкиот парламент брои 8 члена, претседател е Фатма Асан. Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Претседателот учествува во работата на Училишниот одбор на училиштето.

## Карактеристики на училиштето

Средното општинско училиште Гимназија „АТА“ е формирано со Одлука (број 07-508/4 од 22.09.2010 година) на Советот на општина Центар Жупа. До учебната 2009/2010 година училиштето работело во состав на ЦСУ „Здравко Чочковски“, општина Дебар.

Училиштето е верифицирано со Решение (број 11-3589/4 од 30.12.2010 година) донесено од страна на министерот за образование и наука – Скопје.

Статутот на училиштето е донесен со одлука на Училишниот одбор број 02-38/2 од 02.02.2012 година. Министерството за образование и наука со Решение број 19-1113/4 од 04.04.2012 година, дало согласност на истиот.

Училиштето се наоѓа во центарот на Центар Жупа, непосредно до ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ - Центар Жупа. Училишната зграда е нова и сосема ги задоволува сегашните потреби за одвивање на наставата во постоечките училници. Греењето на училишната зграда е со парно на нафта.

Училиштето ги опфаќа учениците од турска и македонска националност од сите населени места во општина Центар Жупа. За учениците од поодалечените населени места организиран е безплатен превоз.

Наставата во училиштето се изведува на македонски и турски наставен јазик во една смена. Оваа учебна година училиштето го посетуваат вкупно 78 ученици организирани во 8 паралелки од кои четири на турски и четири на македонски наставен јазик.

Во училиштето вработени се вкупно 22 лица од кои 16 наставници, 3 хигиеничари, директор, секретар, социолог и хаусмајстор-котлар. Надополнување на наставни часови во училиштето вршат тројца наставници вработени во ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ – Центар Жупа. Единаесет наставници се со соодветно високо образование. Еден наставник не ги задоволува условите пропишани со Нормативот за наставен кадар во средното образование. Поголемиот дел од наставниците се обучени за примена на повеќе проекти и истите се применуваат во воспитно –образовниот процес.

Училиштето е опремено со 84 компјутери за учениците, два лаптопи за вработените, 2 комплети аудиовизуелна техника, 4 печатари, 4 фотокопири и 2 LCD проектори.

Соработува со локалната средина, со институции, здруженија на граѓани и невладини организации на сите нивоа.

Во училиштето постои добра клима за работа меѓу вработените и учениците и безбедно е за изведување на сите видови настава.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во СОУ Гимназија „АТА“- Центар Жупа се применуваат наставни планови и програми за средно гимназиско образование, изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Изборни предмети кои се изучуваат се: Урбана култура која се изучува од прва до четврта година на македонски и турски наставен јазик, Иновации и претприемништво во прва, втора и трета година на македонски и турски наставен јазик. Во трета година паралелките избираат една насока и тоа природно-матичко подрачје Б-комбинација.

Покрај редовната настава во училиштето се планира и се реализира: дополнителна, додатна, изборна, консултативна настава, слободни ученички активности, воннаставни активности. Во рамките на слободните ученички активности се нудат програми од повеќе области кои ги задоволуваат интересите и желбите на учениците. Реализацијата на ученичките екскурзии се врши во согласност со насоките дадени од МОН и планот во Годишната програма и програмите на стручните активи. Во училиштето се организира и реализира подготвително - консултативна настава за учениците кои полагаат дополнителни и поправни испити и за вонредни ученици кои заедно со редовните ученици се вклучени при полагање на завршен испит и државна матура.

Родителите со наставниот план и програма и со активностите на училиштето планирани во Годишната програма за работа се запознаваат преку родителски средби.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели, како развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество.

Преку реализација на слободните ученички активности: екологија и културно-уметнички манифестации училиштето остварува соработка со локалната самоуправа.

Исто така застапени се и теми за заштита од заразни болести, ментално здравје зависност од дроги, алкохол и никотин, превенција од насилство.

Има ученици со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовните паралелки, но наставниците не изработуваат посебна програма за работа со деца кои имаат потешкотии во учењето. Наставниците се едуцирани систематски да ги следат постигањата на учениците и применуваат нови начини на следење и оценување од кои се очекува да се подобри учењето и мотивацијата кај учениците. Училиштето има изработено Критериуми за оценување и Етичкиот кодекс при оценување, но истите не се истакнати на видно место.

Преку проектот Еко-акција, турнир за фудбал се создадени услови во воннаставните содржини да се планираат и принципи на ученикот во 21 век како што се почитувањето на мултикултурните разлики и меѓусебното разбирање, унапредување на здравјето на учениците и помагање на истите од секаков вид насилство.

Училиштето не презентира документ за покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставниот план и наставните програми до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на образованието.

### 1.3 Вonнаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој: ученички натпревари, ученички екскурзии, отворени денови на училиштето и општествено-корисна и хуманитарна работа. При реализацијата на воннаставни активности училиштето обезбедува услови и настојува вклучување на поголемиот број ученици барем во една воннаставна активност по сопствен избор.

Стекнатите знаења постигнати во редовната настава и воннаставните активности учениците ги презентираат на настапите пред нивните соученици и родителите по повод денот на училиштето и други манифестации. Учествуваат на општински натпревари по спорт и спортски активности организирани од локалната самоуправа.

Формиран е Училишен спортски клуб: „Стогово“, на 10.05.2019 година со деловоден број од централен регистар 30220190000218.

Производствената и другата општествено корисна работа на учениците, грижа за здравјето на учениците, ученичката заедница е насочена кон реализирање на планирани активности со програми на училиштето, кои се составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Ученичките екскурзии како воннаставни активности училиштето ги планира во Годишната програма за работа. Во училиштето на почетокот на оваа учебна година организирана е еднодневна екскурзија. Во училиштето се превземаат активности за организирање и реализација на ученички еднодневни екскурзии со претходно дадена релација, изготвен финансиски план за реализација на екскурзијата и добиена согласност од страна на родителите и Бирото за развој на образованието. Во улилиштето има изготвени Програми за организирање на екскурзии за учениците.

Наставниците имаат изработено Програма за воннаставни активности и истите уредно се евидентират.

# 2 Постигања на учениците

### 2.1 Постигања на учениците

Училиштето ги следи постигањата на учениците по наставни предмети за сите класификациони периоди. Постојат полугодишни и годишни извештаи, во кои има показатели за постигањата на учениците, изготвени се табеларни извештаи за средниот успех на учениците по предмети и одделенија. Во учебната 2020/21 средниот успех на учениците изнесува 3,57; во учебната 2021/22 средниот успех изнесува 5,57 и учебна 2022/23 година средниот успех изнесува 3,53. Од показателите за постигањата на учениците по учебни години се забележува дека во последните неколку учебни години нема големи осцилации на средниот успех на учениците на ниво на училиште.

На крајот од учебната 2022/23 година за полагање на државана матура во јунската сесија се пријавиле 17 учениции од кои само 4 го положиле испитот по турски јазик и литература. За испитот по англиски јазик се пријавиле 17 ученици од нив 13 го положиле а 4 не го положиле испитот. Во августовскиот испитен рок сите пријавени кандидати ги положиле матурските испити. Во училиштето нема заинтересираност за одржување на додатната настава. Дополнителна настава ја одржуваат наставниците според изготвениот план. Последните три учебни години учениците немаат учествувано на ниту еден натпревар. Сите ученици без оглед на пол, социјална, етничка и друга припадност имаат еднакви можности за напредок.

### 2.2 Задржување/осипување на ученици

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот. Постои соработка со основните училишта и релевантните институции за бројот на завршени деветтоодделенци од општината и пошироко. Преку кампањи, отворени денови, изработка на промотивни флаери и презентации во повеќе населени места во општина Центар Жупа, се преземаат активности за промоција на училиштето, поттикнување на интерес и привлекување на поголем број на ученици. Во учебната 2020/21 година 55 ученици се оценети со примерно поведение, 15 ученици со добро поведение и 13 со незадоволително поведение. Во учебната 2021/22 година 49 ученици се оценети со примерно поведение, 8 ученици се оценети со добро поведение и 27 ученици се оценети со незадоволително поведение. Во учебната 2022/23 година 40 ученици се оценети со примерно поведение, 12 ученици се оценети со добро поведение и 34 ученици се оценети со незадоволително поведение. Во последните три години во училиштето е забележано зголемување на неоправданите изостаноци, што е резултат на немање Програма за советување на родители во училиштето и немање стручен соработник (психолог, педагог) за обавување на советувањето. Во последните три години во училиштето се изречени 4 педагошки мерки. Се следи редовноста на учениците, се анализираат причините и се вложуваат напори за нивно подобрување. Во училиштето нема иднетификувано и не постои посебна група на ученици кои според половата припадност или социјалниот статус на семејството се поизразено подложни на отсуства од настава. Училиштето го следи осипувањето на учениците. Бројот на учениците кои се осипале во последните три години изнесува 14. Сите осипувања се поради заминување во странство.

### 2.3 Повторување на ученици

Во последните три години еден ученик ја повторил годината. Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката и правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и социологот во училиштето.

Наставниците навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и вонннаставните активности. Имаат годишни, тематски, тематско процесни планирања и оперативен план за наставен час.

Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и стручната служба.

Наставниците при изработка на планирањата се водат од насоките дадени од советниците или договорените процедури на стручните активи. Наставниците изработуваат и планови за дополнителна и додатна настава, планови за примена на информатичко компјутерска технологија, за интегрирање на еко-содржини, активности на меѓуетничка интеграција и планови за слободни часови.

Поголемиот дел од наставниот кадар не ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Распоредот на часови го прави наставникот по математика, според кадровските и просторните можности на училиштето, почитувајќи го најдобриот интерес на учениците и вработените.

## 3.2 Наставен процес

Мал дел од наставниот кадар користи разновидни наставни форми и методи, вклучувајќи и употреба на информатичко компјутерска технологија во наставата, кои во поголем дел соодветствуваат на потребите на учениците, но поголем дел од наставниот кадар работи фронтално без употреба на интерактивни форми, методи и техники на учење.

Мал дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка и ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка.

Не сите наставници користат различни ресурси и приоди за учење и настава ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература. По најголем број наставни предмети во наставата која се изведува на турски наставен јазик сеуште нема одобрени учебници. Учењето во училницата кај мал дел е активно и има работна атмосфера, но има и случаи каде нема доволна активност од страна на учениците и недостига мотивација од страна на наставниците.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничка припадност.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и интеркултурна средина која поттикнува интерес за учење.

Учениците сметаат дека по мал број предмети се учи на интересен начин и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество.

Трудовите на учениците не се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето каде можат да бидат видени од другите ученици, како на пример: на соодветни паноа во ходникот и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците, но не преземаат конкретни активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активноста на часовите, интересот на одредени ученици во одредени области и слично.

Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето. Додатна настава им се понудува на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области. Се вршат консултации со учениците во врска со наставниот процес, разговори за нивните амбиции, индивидуални разговори за разни теми, тестирања за професионална ориентација и разговори за проблеми од лична природа.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Оценувањето се врши континуирано, изготвен е интерен Правилник и Етички кодекс за оценување; наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците.

Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во четири класификациони периоди. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Тоа е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.

Наставниците не доволно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални

средби, групни и индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.

Родителите добиваат пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет. Од родителите се бара да дадат повратна информација за извештајот и се преземаат соодветни активности во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната зграда.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Во училишниот простор има 5 против пожарни апарати, 1 внатрешн хидрант и истите се редовно сервисирани.

Во училиштето нема вработени со сертификати за завршена обука за давање прва помош на ученици при несреќни случаи.

Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди. Планот за евакуација е истакнат на видно место со обележени излези. Во училиштето нема вработени кои поседуваат уверение за завршена обука за заштита од пожари, евакуација и спасување.

Училишниот објект и училишната опрема се осигурани (Полиса број 08001П076676 од Уника Ад-Скопје од 10.01.2023 до 10.01.2024 година). Учениците и вработените не се осигурани.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Училиштето нема пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство.

Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на нивниот престој во училиштето.

Училиштето има Кодекс за безбедно училиште кој е истакнат на видно јавно место достапно на ученици, родители и наставници, а има и реализира Акционен план за безбедно училиште. Во интерес на превенцијата од насилство и заради одржување добри односи во училишната средина се организираат дежурство на ученици во училница, дежурство на наставници и патроли од училишни тимови за спроведување на "политиката" на безбедност.

Училиштето води политика на забрана на пушење, конзумирање алкохол, дистрибуција и конзумирање наркотични супстанции. Во училиштето на видни места се поставени знаци и натписи за забрана на пушење. Училиштето не нуди организирана исхрана на учениците. Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна близина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот иако такви ученици во моментот не посетуваат настава во ова училиште. Просторот во ходниците и училниците овозможува нивно движење, но не постои и посебен тоалет што би бил достапен за нивна употреба.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Училиштето континуирано води грижа за одржување на хигиената во училиштето. Тоалетите се чисти и дезинфицирани. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по два пати во секое полугодие.

Се настојува да се користат еколошки и нетоксични дезинфекциони средства.

Во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци.

Училиштето најмалку два пати во текот на годината, а по потреба и повеќе, врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција на сите простории во училиштето.

Се вршат редовни систематски прегледи на учениците и сите вработени во училиштето. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорена процедура за заштита од нејзино ширење. Училиштето има и реализира Програма за грижа за здравјето на учениците. Училиштето нема договорени процедури за грижа на учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. На учениците кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени причини, училиштето им овозможува полагање на испит на годината на крајот на наставната година. За навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми училиштето има договорени процедури, без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми).

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето на учениците им обезбедува јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности: помош во изработка на кратка биографија, мотивационо писмо, подготовка за интервју за работа; врши анкетирање на учениците од завршните години за нивните професионални планови и интереси за образовните институции и навремено ги информира за концепцијата на државна матура.

За професионална ориентација на учениците училиштето користи промотивни материјали (флаери, трибини, посети на училиштето) на образовните институции. Претставници на образовните институции го посетуваат училиштето и оддржуваат презентации, при што учениците ги запознаваат со условите за запишување и програмите.

### 4.4 Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на учениците добиени врз основа на сопствени проценки. Наставниците и учениците се во постојана интеракција меѓу себе. Постојано се дава поддршка во однос на учењето, наставата, оценувањето, воннаставните активности како и севкупната грижа за учениците.

Наставниците изготвуваат извештаи по класификациони периоди за секоја паралелка и истите се разгледуваат на Наставнички совет и на одржаните состаноци на стручните активи.

Изготвените извештаи на ниво на училиште се доставуваат на стручната служба и раководниот кадар и истите се достапни за сите заинтересирани структури во училиштето.

# 5 Училишна клима

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и го зајакнува учеството на учениците, родителите, локалната и деловната заедница во училишниот живот.

Училиштето е отворено за соработка и искуства и во пошироки рамки активностите од ПМИО ги остваруваат во општината и со партнер училиште ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“.

Односите во училиштето нормативно се уредени со: Куќен ред, Кодекс на однесување на учениците, наставниците, другите вработени и родителите, со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и истите земале активно учество во нивното донесување.

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Постои професионална соработка помеѓу вработените, а раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржувањето позитивната атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Сите ученици без оглед на полот, способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени од сите во училиштето.

Изработени се Правилник за изрекување на педагошки мерки и Правилник за дежурства на наставниците, кои придонесуваат да постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Во училиштето соодветно се применува Правилникот за изрекување педагошки мерки. Дисциплината во училиштето е добра.

Ученичкиот парламент е демократски формиран и учествува во донесувањето одлуки за сите прашања што се од непосреден интерес на учениците и навремено ги информира своите соученици за донесените одлуки.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат на повеќе начини: на патрониот празник на училиштето, на крајот од учебната година и преку фејсбук и веб страната на училиштето.

Ученичките трудови не се истакнуваат во ходниците и училниците.

Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите потенцијали во наставата и вонннаставните активности. Училиштето не води политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, национално и меѓународно ниво.

Во училиштето има Правилник за пофалби и награди на учениците и на наставниците – ментори, на крајот од учебната година се доделуваат награди на учениците и менторите кои постигнале награди на натпревари. Секоја година се бира ученик на генерацијата согласно на предвидените критериуми во Правилникот.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Се промовираат еднаквоста и правичноста како темелни вредности во односите меѓу вработените, учениците и родителите. Во училиштето се промовираат правата на децата и има избрано дете-правобранител.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С.Македонија, развивајќи го мултикултурализмот како вредност.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со родителите се остварува со нивно активно вклучување во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа што е потврдено на спроведените анонимни анкети, одржаните состаноци со Советот на родители и Училишниот одбор. За комуникација со родителите се организираат општи и индивидуални родителски средби, приемни и отворени денови за соработка.

Изборот на претставниците во Советот на родители е извршен со демократска процедура. Информациите за работата на училиштето, целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците на јасен, разбирлив и достапен начин им се даваат на сите родители. Се одржуваат редовни состаноци на Советот на родители каде се разгледуваат битни прашања од животот на училиштето и истите записнички се евидентираат. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница.

Постои соработка со невладиниот сектор при обезбедување на поддршка на одредени активности и манифестации што се организираат во училиштето.

Училиштето остварува континуирана соработка со родителите, локалната и деловната заедница, Црвен Крст, невладиниот сектор и медиумите преку нивно известување.

# 6 Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Наставата во СОУ Гимназија „АТА“, Центар Жупа се реализира во еден објект од цврста градба во близина на општинската зграда.

Училиштето располага со 8 училници, 1 кабинет, 1 фискултурна сала, 1 библиотека и 4 други простории.

Училиштето има план и распоред со кој се овозможува максимално и рационално искористување на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонnаставните активности со што се задоволуваат потребите на учениците.

Просториите во кои се изведува наставата и просториите во кои работат наставниците и останатите вработени во училиштето, ги исполнуваат условите пропишани со Нормативот.

Училиштето презема мерки за подобрување на состојбата. Санитарните јазли и останатите простории ги задоволуваат потребите на учениците и вработените. Хигиената во училиштето е добра.

Расположивите просторни капацитети оптимално се користат. Училиштето има распоред за користење на капацитетите.

Просториите во училиштето се загреваат со спроствено парно греење.

Инфраструктурата на училиштето е добра.

Училиштето располага со 5 ПП апарати кои се сервисирани на 09.10.2023 година и 1 хидрант, истите се во исправна состојба.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со минимални наставни помагала и стручна литература, потребно е нивно обезбедување и осовременува со што би се создале услови за поквалитетен воспитно-образовен процес.

Училишната библиотека располага со мал фонд на книги вкупно 405 од кои 199 наслови односно 241 примерок на Македонски јазик, 130 наслови или 164 прмероци на Турски наставен јазик. Од потрошниот материјал секогаш има креди, хартија, пенкала и истите ги задоволува потребите на училиштето.

Потребите од наставни средства и материјали се утврдуваат на заедничките состаноци, стручни активи и преку анкетни листови.

Во училиштето се користат одобрени учебници, набавени преку проектот на Владата на РСМ за бесплатни учебници. За оваа учебна година недостигаат учебници по сите предмети на турски наставен јазик.

Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал. Набавените сретства и материјали ги задоволува потребите на училиштето.

Училиштето е опремено со 84 компјутери за учениците, два лаптопи за вработените, 2 комплети аудиовизуелна техника, 4 печатари, 4 фотокопири и 2 LCD проектори.

### 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Во училиштето за реализација на наставата ангажирани се 16 наставници од кои 3 наставници надополнуваат од други училишта. Со високо образование се 16 наставници. Од нив 4 се со несоодветно образование.

Од вработените наставници 9 се на неопределено работно време а 4 на определено работно време и 3 наставници се вработени со спогодба меѓу училиштата во кои работат и од кои дополнуваат часови.

Нема обучен кадар за работа со деца со посебни образовни потреби.

Работата на наставниот кадар е надополнета со стручна служба: 1 социолог и 1 библиотекар. Од административно-технички персонал има: директор, 1 секретар, 1 книговодител, 1 хаусмајстор и 3 хигиеничари.

При распоредувањето на наставниците во предвид се земаат квалитетите, искуството, оспособеноста за исполнувањето на целите во наставата и расположливите кадри во Агенцијата за вработување.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето се грижи за професионален развој на кадарот. Во изминатиот период заради пандемијата сите обуки и семинари наставниците ги проследиле onlinne преку програма ZOOM. Наставниците посетиле обуки за употреба за алатки за реализација на online настава.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Постои пракса на размена на искуства и преку следење на работата од колеги од стручниот актив.

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците. Секој наставник има сопствен план за професионален развој.

Уредно се водат професионални досиеја за наставниците.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Јавните набавки за училиштето се спроведуваат согласно Законот за јавни набавки.

Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиската состојба и финансиските активности на училиштето и го следи трошењето на буџетот.

Раководниот кадар соработува со Училишниот одбор за одредување на приоритетните цели на училиштето.

Буџетот се користи за подобрување на условите и квалитетот на наставата и учењето.

Училиштето нема сопствени приходи, има дополнителна сметка за извршени услуги (дупликати на свидетелства и дипломи и вонредно образование).

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор не е конституиран согласно одредбите од Законот за средно образование и Статутот на училиштето, бидејќи еден од членовите од редот на наставниците е избран спротивно на закон. Училишниот одбор има Деловник за работа број 02-378/3 од 28.11.2011 година и Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор се состанува, донесува одлуки и дава мислење за прашања кои согласно законските и подзаконските акти се во негова надлежност. Одлуките ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот. Органот на управување редовно обезбедува информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Има воспоставено партнерски однос со органот на раководење и другите образовни структури. Раководниот орган е именуван со Решение од градоначалникот на општина Центар Жупа број 08-77/2 од 27.11.2020 година. Во тек е постапка за избор на нов директор. Раководниот орган има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од најголемиот број на субјекти во училиштето, добро раководи со училиштето и знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето.

Има професионален однос кон работата и ефективно комуницира и раководи со најголемиот број на вработени. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Раководниот орган е вклучен во составот на повеќе комисии во училиштето, преку постојано следење и анализа на случувањата во училиштето, ги издвојува приоритетните цели и задачи и истите ги вградува во Годишната програма за работа на училиштето. Раководниот орган своето работење го заснова на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на планирањето и обезбедувањето квалитет.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на училиштето се јасно истакнати во Годишна програма заведена под број 02-52/5 од 17.08.2023 година. Училиштето има изработено Самоевалуација број 02-52/3 од 17.08.2023 година во која целосно се опфатени темите од сите подрачја од индикаторите за квалитетот на работата на училиштата, со што е дадена оценка на целокупната работа во училиштето. За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето од родителите на учениците е формиран Совет на родители. Советот на родители е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Советот на родители има Деловник за работа заведен број 02-46/2 од 22.05.2023 и Програма за работа број 01-238/1 од 30.08.2022 година која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има изработено Програмата за развој на училиштето за период 2020-2024 година (број 02-64/2 од 27.08.2020 година) согласно новиот Правилник за изработка на годишна програма и План за развој. Во креирањето и утврдувањето на целите, начелата и вредностите на училиштето вклучени се и активно учествуваат наставници, родители и ученици. Истите редовно се информираат за начинот на нивното остварување и

подобрување. Целите се јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати преку состаноци на стручните органи и тела и преку родителско – наставнички средби и Совет на родители. Во полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето се презентираат постигнатите разултати.

## Наоди и препораки

### Силни страни

- Добра училишна клима заснована на меѓусебна доверба и почитување меѓу наставниците и учениците.
- Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиската состојба и финансиските активности на училиштето и го следи трошењето на буџетот.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
- Хигиената во училиштето е на високо ниво.

### Слаби страни

- Недоволна опременост со наставни и нагледни средства за поквалитетна реализација на наставните програми по повеќето наставни предмети.
- Недоволен број на лектирни изданија, стручна литература и учебници (за учениците на турски наставен јазик).
- Нема обучен кадар за работа со ученици со ПОП.
- Учениците не учествуваат на натпревари.
- Постигнати слаби резултати на државна матура.
- Голем број на неоправдани изостаноци.

### Препораки

- Да се мотивираат учениците за учество на натпревари.
- Да се отклонат причините за постигнатите слаби резултати од државната матура.
- Да се прземат мерки за намалување на неоправданите изостаноци.
- Да се направат напори за обезбедување на наставни средства и помагала.
- Да се обезбедат лектирни изданија, стручна литература и учебници за учениците на турски наставен јазик.

| | |
|---|---|
| Жана Димоска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Блерим Села, Инспектор | |
| Џемо Демироски, Инспектор | |